# ЕХО НА ЅИДОВИТЕ

КУЛТУРНО ЕХО

ИЗДАВАЧ:
**Кадар** - *Истражувачко новинарство, документаристика и едукација, Скопје*

СОРАБОТНИЦИ:
**Културно Ехо -** *Меѓународно здружение на граѓани, Скопје*

АВТОРИ:
**Љубиша Арсиќ** и **Симона Димковска**

ИЗБОР НА ФОТОГРАФИИ:
**Кристијан Караџовски**

ЛЕКТУРА:
**Марија Арсенкова**

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ОБРАБОТКА:
**Филомена Дода**

ПЕЧАТ:
**Polyesterday**
50 примероци

*Финансиски поддржано од* ***Град Скопје***

БЛАГОДАРНОСТ ЗА СОРАБОТКА И ДОЗВОЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ ДО:

***Здружение на граѓани од областа на архитектурата и културното наследство*** **Ситископ,** *Скопје*

**Здружение на спортски ветерани,** *Скопје*

**Македонска Архитектура МАРХ,** *Државен архив на РСМ-одделение Скопје*.

**Сафет Ахмети, Виолета Крстиќ, Васе Аманито** *и архитектите:* **Ивона Крстеска, Марија Гелмановска, Ана Грковска, Александар Кочовски, Томас Ромеро, Матеус Сартори, Моника Димовска, Јосиф Николовски, Александра Костадиновска** *и* **Мирослав Пејовски.**

# ЕХО
# НА ЅИДОВИТЕ

# СОДРЖИНА


**Предговор** ............................................................... **3**

**ИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС КУПРОМ**

**Од фабрика до Студентски град:**
Дали институциите се доволно моќни да спречат
узурпација на државното земјиште? .................................. **4**

Краток осврт кон идејното решение за ревитализација
на архитектонскиот тим на Ситископ-Скопје ..................... **9**

**СПОРТСКА САЛА „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“**

**Се гледа ли крајот на самоволието:**
**Милион евра за нов спортски центар** ............................. **16**

Краток осврт кон идејните решенија за ревитализација
на сала Партизан, Ивона Крстеска ..................................... **20**

**ПОРАНЕШЕН ДОМ НА КУЛТУРА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА**

**Граѓаните во битка со бизнис-политички моќници:**
**Дали домот ќе остане јавен простор или ќе го**
**проголтаат ѕидовите на големите згради** ........................ **26**

Краток осврт кон минатото, сегашноста но и можната
иднина на објектот, Симона Димковска .............................. **31**

**ДОМ НА КУЛТУРА„11-ТИ ОКТОМВРИ“**

**Зградата тоне во бесконечност:**
**Потенцијалот на домот е голем колку и**
**неодговорноста на институциите** .................................. **38**

Краток осврт кон магистерскиот труд за ревитализација
на „Домчето“ на Моника Димовска ..................................... **41**

# ПРЕДГОВОР

Ехо на Ѕидовите е публикација во која читателите дознаваат информации за четири исклучително важни, при тоа напуштени простори, дел од градското јадро на Скопје, сите на атрактивни локации, но сепак заборавени од институциите и невидливи за остварувањето на јавниот интерес на граѓаните.

Оваа публикација настана во процес на соработка помеѓу новинар и архитект и во неа ќе наидете на две различни гледишта, но со иста цел, да ја откријат и раскажат приказната на: Салата Партизан (Општина Карпош), Месна Заедница во Тафталиџе (Општина Карпош), Фабриката Купром (Општина Ѓорче Петров) и Дом на култура 11 Октомври (Општина Гази Баба).

За момент оваа публикација станува медиум затоа што ќе прочитате четири новинарски текстови исполнети со факти кои ќе го демистифицираат процесот на пропаѓање на објектите, потоа оваа публикација преминува во извор на информации за архитектурата на објектите и нивното значење во просторот, корисно четиво за младите архитекти.

Оваа публикација има за цел да испровоцира критичко размислување за урбаните празнини и неискористени простори, како и можноста за развој на локалната заедница преку ревитализација на истите во функција на јавен простор. И да посочи на она кое го сведочиме во секојдневието, неодговорноста на институциите и моќта на поединци кои настојуваат да ги освојат ваквите локации за личен профит.

**Индустриски комплекс Купром**
*населба Хром, општина Ѓорче Петров (1940-1942)*

## Од фабрика до Студентски град:

# ДАЛИ ИНСТИТУЦИИТЕ СЕ ДОВОЛНО МОЌНИ ЗА ДА СПРЕЧАТ УЗУРПАЦИЈА НА ДРЖАВНОТО ЗЕМЈИШТЕ?

Во 40-тите години на минатиот век, во Скопје била изградена фариката „Купрум“, чие име потекнува од латинскиот збор за „бакар“ (cuprum). Фабриката била со производствени погони за обоени метали. Набргу почнале да се создаваат станбени населби во нејзината околина за да можат работниците полесно и побрзо да пристапуваат во фабриката.




*Исечок од пронајден документ во објектот на Купром*

Иако не може да се најдат архивски документи кои со точност ќе потврдат кога била отворена фабриката, сепак одредени записи, но и монографии за „Ѓорче Петров“ забележале дека индустрискиот капацитет настанал по Првата светска војна. Оттогаш започнува и создавањето на населите околу фабриката. Позиционирањето на комплексот е до железничката станица во Хром и до реката Вардар, со што биле исполнети принципите за просторна распределба на индустријата низ градот.

За време на Втората светска војна Германците ја презеле под контрола и експлоатацијата на рудата во рудникот Радуша. Хромната руда ја транспортирале во Германија, но претходно им се наметнала потреба рудата да ја перат пред да ја однесат преку граница. Така се создала пералницата за руда, чија изградба започнала во 1942 година, а се смета за нов почеток на работата на фабриката „Купрум“. За неколку години, таа прераснала во капацитет за обработка на хромна руда, а комплексот содржел две идентични хали, управна зграда и помошни простории. Во текот на 60-тите години на минатиот век, комплексот е поделен на два дела, од кои во едниот била сместена текстилната индустрија „Велурфлок“, а во другиот фабриката за обоени метали „Купрум“.

На почетокот на 90-тите години на минатиот век започнал процесот на трансформација на сопственоста, а двата комплекса се соочиле со нерентабилност. „Купрум“ западнал во стечајна постапка која се провлекува повеќе од две децении. Стечајната управничка во последните години, во изјави за медиумите, потврдила дека неколку објекти од комплексот се продадени на еден купувач, но никогаш не ѝ открила на јавноста кој е купувачот, по која цена ги купил зградите и кои се доверителите во стечајната постапка.




*Архитектонски цртеж пронајден во Архив на Град Скопје*

Ваквите податоци не смее да се кријат затоа што самата фабрика „Купрум“ била во општествена сопственост, па сите инволвирани во стечајната постапка имаат обврска да бидат транспарентни, а граѓаните да знаат кој управува со имотот и какви планови има за во иднина. Но, и покрај продадените делови, сепак стечајот не е финиширан и тоа најверојатно претставува пречка да започне изградбата на станбени згради. Интересен е податокот дека во огласот за продажба на делови од „Купрум“, објавен во 2017 година од страна на стечајната управничка, не била дефинирана почетната цена што отвора простор за сомнеж дали воопшто тоа што е продадено е продадено по пазарна цена или некому му се наместил огласот за да го приграби имотот. Сепак, купувачот имал право да ги купи само објектите, но не и земјиштето, за кое во огласот било наведено дека е во сопственост на државата и дека не е предмет на продажба.

Со последниот Генерален урбанистички план за Скопје, донесен во 2012 година, на локацијата се предвидени станбени згради, а со тоа се потврдува дека некому повеќе му значат бизнис интересите отколку историското значење на овој простор и можноста за негова реадаптација во јавно добро. Со фактот дека тука се предвидени станови, стечајната постапка и судските процеси стануваат примамливи за оние кои имаат интерес да градат станбени згради. Иако е помината цела деценија од носењето на планот, индустрискиот комплекс и понатаму се уништува, пропаѓа и сè повеќе се претвора во опасно место за младите и нивното здравје. Погоните и сите придружни објекти се целосно отворени, со уништени ѕидови и со остатоци од опасни материи кои и денес ја загадуваат природата и реката Вардар. Оваа напуштена фабрика е неоградена, незаштитена и комплетно руинирана, па многу уметници, музичари и цртачи на графити веќе ја користат ваквата „урбана празнина“ за истакнување на своите вредности и талент.

Меѓународното здружение на граѓани „Културно ехо“ во рамките на својот проект „Напуштени можности“, кој се занимава токму со пренамена на старите, напуштени објекти во градските средини, започна да дејствува во насока на заштита и пренамена на комплексот, за тој да му служи на јавниот интерес. Прво беше организирана еко-акиција за чистење на просторот, а следните активности доведоа до идејата „Купрум“ да се пренамени во Студентски град. Просторот од 22.000 м² ја отвора можноста, покрај капаци-

тети за студентско домување, во фабриката да се изградат и културно-едукативни центри, кој во иднина би можеле да станат и меѓународни. Со ова државата ќе реализира една стратешка цел, нов студентски град во Скопје, кој патем би бил изграден во согласност со последните еколошки стандарди што истовремено демонстрира и висока свест за климатската криза, поради што Градот Скопје ќе може овој нов центар да го искористи и при апликацијата за Град на културата во 2028 година. Оваа идеја наиде на позитивни ставови во Владата, Министерството за образование, општината Ѓорче Петров, Управата за заштита на културно наследство, како и во многу младински и граѓански организации, но и кај жителите на населбата „Хром“.

Дека во распределбата на имотот на „Купрум“ се вмешани различни приватни интереси говори и фактот дека „Културно ехо“, иако се обиде, два пати беше спречено да организира музички настан во дворот на фабриката со цел промоција на проектот „Напуштени можности“. Ниту полицијата не беше моќна да ги заштити под изговор дека делови од имотот се приватни и таму не смее да се одржи никаков настан, и покрај тоа што купувачот на тие делови од фабриката воопшто не се погрижил да ги заштити, да ги затвори и да ги направи безбедни за граѓаните.

Иднината на студентскиот град започнува со измени во урбанистичките планови. Следниот план кој треба да го донесе Градот Скопје не смее да ги содржи



***Парцелата на Купром,*** *автор Кристијан Караџовски*

станбените згради за домување на таа парцела. Со оглед на тоа дека земјиштето е државно, многу полесно може да се спречи урбаната мафија да завладее со просторот и да го узурпира со згради. Идејата за студентски град, заедно со културно-едукативен центар изгледа како најсоодветно решение за фабриката. Така просторот многу повеќе ќе се вклопи во средината, бидејќи ќе го инкорпорира и постоечкото зеленило кое е важно за тој дел на градот. Бидејќи институциите веќе покажаа првичен интерес за пренамена на просторот, во следните неколку години студентскиот град може да стане и реалност.

Во последните години, просторот е препознаен и вреднуван од архтиекти и студенти по архитектура кои во своите трудови предвидуваат целосно нов комплекс, но од јавен интерес. Тие имаат различни идејни решенија за напуштената фабрика, почнувајќи од младински, едукативни и културно-рекреативни центри сè до филмски град... со што само се покажува специфичноста и значењето на овие објекти, кои мора да се вклучат во градското јадро.



***Производна хала екстериер,*** *автор Кристијан Караџовски*

# КРАТОК ОСВРТ КОН ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА
## на архитектонскиот тим на Ситископ-Скопје

Во втората половина на 2019 година, односно по презентирањето на иницијативата во Владата на Република Северна Македонија, здружението Културно Ехо - Скопје започна соработка со Сити Скоп - Скопје преку архитектонска анализа на потенцијалот на фабриката Купром и можностите за нејзина ревитализација и пренамена во Студентски културен центар (или Студентски град).

Инспирација и поттик за овој чекор најдовме од неколкуте магистерски трудови на младите архитекти Горјан Венов, Наташа Вчкова, Ангела Димитрова и Мирјана Лозановска, чија главна заедничка тема е реадаптација, ревитализација и заштита на пост-индустриски урбани празнини низ примерот на поранешната фабрика „Купрум“ и нејзина пренамена во културен објект.



***Мурал/графит на фасаден ѕид**, автор Кристијан Караџовски*

Локацијата и комплексот згради на некогашната фабрика „Купрум“ има огромен потенцијал за повторна ревитализација на просторот и самите објекти. Доколку се предвидат сериозни интервенции врз постојните објекти за нивна санација и реконструкција, може да се добијат нови програмски содржини кои би дале голем придонес во развојот на локацијата, што би придонело и за развојот на самата општина, како и на градот Скопје. Целта на ова истражување и предлог на нова програма е дел од објектите на некогашниот комплекс „Купрум“ да се адаптираат со нови содржини со што тој би функционирал како младински центар или студентски град.




***Поширока локација на Купром,*** *автори Сити Скоп Скопје*

Комплексот на објекти е лоциран во западниот дел на градот Скопје, во склоп на Општината Ѓорче Петров, во самата населба Хром покрај реката Вардар. Локацијата е оддалечена околу 5 км од центарот на градот. Во непосредна близина на локацијата, во радиус од 3-5 км се наоѓаат повеќе значајни институции како факултети и студентски домови (државни и приватни). Оттука е јасна потребата за културен младински центар во западниот дел на градот, но и зошто комплексот „Купрум“ со својот потенцијал и соодветната локација може добро да одговори на таа потреба.

Непосредното опкружување на комплексот Купрум претставува област во која е застапена намената домување, каде што доминира густо распоредена структура на објекти со просечна височина до 10-20 метри. Како резултат на густата изграденост, зелените површини се ниско застапени.

Согласно усвоениот Детален урбанистички план за градскиот кварт СЗ 20, кој се наоѓа на западната страна од фабриката „Купрум“, предвидена е улица „Веле Марков“ со широчина од 14 метри, која зафаќа дел од катастарската парцела на „Купрум“, а воедно и дел од објектот на административната зграда. Исто така, главната намена со овој план е домување, со соодветни компатибилни намени, каде што површината на поголем дел од градежните маркици е зголемена. Како резултат на наведеното, зелените површини сѐ повеќе се намалуваат, додека јавните простори и парковите сѐ помалку се третираат во овој случај.

Комплексот „Купрум“ претставува простор соодветен за развој на јавни зони и зеленило, со оглед на малата изграденост на самата парцела. Новите содржини кои би се вклопиле во постојните објекти преку ревитализација на комплексот ќе бидат од големо значење и за локалното население од населбата Хром, кое би добило нов простор за социјализација и рекреација.

Во склоп на комплексот Купрум спаѓаат и сѐ уште постојат следните самостоечки објекти: портирница, гаражи, административна зграда, трафостаница, техничка зграда-котларница, магацин, производна хала 1, производна хала 2, машинско одделение, вкупно 4 помошни објекти. Во новопредвидената ситуација на објектот, согласно анализите во однос на конструкцијата на објектите, нивната моментална состојба, како и новопредвидената станбена улица, се предлага од постојните објекти да се задржат следниве:

- Делумно административната зграда, односно само предниот дел како последица на

итна потреба од рушење на задниот дел од објектот, поради пробивање на собирна улица „Веле Марков"

- Целосно задржување на техничка зграда-котларница, која може да задоволи одредени програмски барања поради својата добро сочувана состојба; како и производна хала 1, која може да задоволи одредени програмски барања поради својата добро сочувана состојба;
- Два од помошните објекти поради потреба од дополнителни содржини, иако тие се во лоша состојба, но на нивно место би можеле да се предвидат и два нови објекта со слична структура;
- Со цел да се задоволи процентот на застапени и компатибилни намени, може да се земе предвид и изградба на нов објект во склоп на самата парцела.




***Новопроектирана состојба,*** *автори Ситископ -Скопје*

Исто така, поволна карактеристика е што самата парцела се наоѓа веднаш до реката Вардар, со што се овозможува слободна циркулација на воздухот и погодност за раззеленување на просторот, што ќе биде од бенефит за целиот градски кварт. Во склоп на новопредвидената состојба на партерното уредување се овозможуваат следниве содржини: Јавен простор или плочник за комуникација и поврзување на самите објекти; мини-парк и простор за одмор и зелени површини за спорт и рекреација со можност за агрокултура; Аудиториум на отворено за разни културни настани.

Објектот на производната Хала 1 се карактеризира со скелетна конструкција од армирано бетонски столбови и греди во комбинација со челични греди и челични кровни решетки. Функционалноста на просторот била организирана во својство на производниот процес со двовисински простор.




***Адаптација на производна хала,*** *автори Сити скоп Скопје*

Осветлувањето на просторот било овозможено со големи прозорски отвори, додека комуникацијата меѓу нивоа била овозможена со вертикални комуникации – лифт и скали. Објектот моментално е во фаза на распаѓање, со искршени прозорци и врати, размонтирани скали и демонтиран инвентар, со што отвореноста на објектот за надворешни непогоди го зголемува ризикот од понатамошно распаѓање и сериозни оштетувања. Конструкцијата на објектот сè уште е во добро сочувана состојба.

Објектот е погоден како културен центар за млади во кој би можеле да се организираат различни активности. Во него може да се предвиди и ресторан/менза, главно за потребите на студентите од околните факултети и студентски домови. Со претходна реконструкција и санација на објектот, во него може да се акомодираат следниве содржини од културен и угостителски карактер: концертна хала, аудиториум, центар за дизајн, иновација и едукација, изложбен простор, влезен дел, холови, гардеробери, инфо пултови, администрација, ресторан/менза и угостителски простории.

**Административниот објект** е со мешана конструкција од масивен и скелетен систем, иако со оглед на тоа дека не се пронајдени потребните архитектонски записи, ова е само претпоставка согласно системот за градење во тој период. Она што може да се заклучи од моменталната состојба е дека објектот е во добро сочувана состојба.

Предвидено е зачувување само на еден дел од објектот, додека задниот дел е предвидено да се отстрани поради новопредвидена собирна улица. Развиената површина на објектот ќе изнесува 515 м² и таа ќе овозможува акомодирање на нови содржини кои ќе зафаќаат 100% од вкупната функционална развиена површина на објектот. Објектот е погоден за намена групно домување – хостел кој може да сместува луѓе и за потребите на културниот центар. Во самиот објект има можност да се одвиваат повеќе активности.

**Објектот на котларницата** е изграден како скелетен конструктивен систем. Објектот има катност од П+3 ката, со скалишно јадро кое овозможува вертикална комуникација и е во добро сочувана состојба. Развиената површина на објектот ќе изнесува 465 м². Објектот е погоден за читалница поради добрата оддалеченост од останатите објекти со социјални содржини во приземниот дел и кафе бар со што се овозможува комуникација и со надворешниот простор.

Во самиот објект има простор за повеќе активности. Со претходна реконструкција и санација на објектот, тој може да ги акомодира читалница и кафе бар.

**Помошните простории** (вкупно 2 објекти) се изградени како скелетен конструктивен систем. Објектите се само приземни и се во лоша состојба. Со цел задоволување на потребите за дополнителни содржини, можат да се срушат и на нивно место да се изградат нови или, пак, да се реконструираат и санираат постоечките со посериозни зафати. Површина на објектите за спорт и рекреација како и за музички простории ќе изнесуват по 340 м$^2$ и ќе овозможуваат акомодирање на нови содржини. Во самите објекто ќе има можност за повеќе активности.





***3Д визуелизации,** автори Сити скоп Скопје*

**Спортска сала „Наум Наумовски Борче“**
*позната како сала „Партизан“, општина Капрош (1968-1969)*

## Се гледа ли крајот на самоволието:

# МИЛИОН ЕВРА ЗА НОВ СПОРТСКИ ЦЕНТАР

Во 1924 година со самопридонес е изграден првиот спортски објект во Скопје, познат под името „Соколана“. Соколаната се наоѓала кај адвокатската улица спроти МАНУ. Во овој објект се одржале првите тренинзи во атлетика, бокс, гимнастика, кошарка... а потоа започнале да се практикуваат и поголем број спортови. Практично „Соколана“ се смета за локација на која за првпат започнал да се практикува спортот на поинакво ниво, организирано и професионално. По катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година било оценето дека е пожелно спортскиот објект да се сруши. Иако спортското друштво „Партизан“ било против рушењето и инсистирало истиот „храм на спортот“ да се реновира, со цел да се зачува неговиот автентичен изглед, сепак на крајот спортистите попуштиле затоа што француската влада во знак на солидарност решила да донира целосно нов спортски објект.



***Старата Соколана,** извор Здружение на спортски ветерани*

Така е изградена салата „Партизан“, чие официјално име е „Наум Наумовски - Борче“. Во 1969 година, проектирана од архитектот Трајко Димитров, изникнала спортската сала која потоа во следните четири децении ќе прерасне во главна спортска локација на која тренирале професионални спортисти и клубови, аматерски екипи, студенти одржувале настава по физичко образование, граѓаните на Скопје и соседите имале прилика да спортуваат, да се рекреираат и да се социјализираат. Спортската сала била отворена секој ден од 8 часот наутро до 22 часот навечер и со програмата го поттикнувала и развивала спортот. Речиси и да не постои спортист од повозрасната генерација кој нема спомени за „Партизан“.



*Спортски активности во сала Партизан, извор Здружението на спортски ветерани*

Во 2005 година, Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти ја дава салата под концесија на Рафет Муминовиќ од Скопје затоа што тој ќе изгради модерен спортски центар таму. Но, друштвото „Партизан“, кое сметало дека салата треба да му припадне нему, започнало судски процес. По осум години, во 2014 година, судот сепак пресудил во полза на Рафет Муминовиќ, но тој и понатаму не преземал ништо за да ја реновира руинираната сала, иако имал обврска според договорот за концесија. Во медиумските изјави тој објаснувал дека постојано му се правеле притисоци и му се поднесувале тужби, а сето тоа го спречувало да започне со вистинска инвестиција.

Во 2020 година, Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти успева да ги прекине сите претходни договори кои биле на штета на претпријатието и на спортските објекти, односно, за многу ниски ќирии им оставале простор на закупците да се однесуваат неодговорно и повеќе да внимаваат на личниот профит, отколку на развој и промоција на спортот. Затоа Владата одлучи стопанисувањето со некои спортски објекти да го пренесе на општините. Откако се поништиле штетните договори, салата „Партизан“ е повторно кај граѓаните, како и други десетина спортски објекти во Скопје и други градови низ државата.




***Најава за обнова на сала Партизан,*** *извор Општина Карпош*

Ако се следат владините активности и најави, тогаш овој спортски објект е пред реконструкција. Имено, на седница во јули, 2021 година, Владата на Северна Македонија ја задолжи Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за избор на компанија која ќе ја реновира зградата и ќе го уреди надворешниот простор. Износот е 1,1 милиони евра, а според финансискиот план парите ќе се обезбедат во текот на 2021, 2022 и 2023 година.

Обновата на „Партизан" е дел од програмата на Општина Карпош, но се актуелизира во 2019 година со иницијатива на здружението „Културно ехо", кое се обидува да ги анимира централната и локалната власт за значењето на спортската сала, како и за важноста на постоењето на јавни, заеднички простори. Иницијативата ги обединува и Здружението на Спортски Ветерани и Општина Карпош, формално преку меморандум за соработка помеѓу трите страни, но и практично преку идејните архитектонски решенија за салата што Културно ехо ги изработува за потоа да ги донира на надежните власти.

Крајната цел на оваа иницијатива е на таа локација да постои целосно реновирана и уредена спортска сала затоа што, со оглед на атрактивноста на парцелата, просторот лесно може да се претвори во станбена населба што не е

во корист на јавниот интерес. За таа цел, „Културно ехо“ изработува и донира две идејни решенија за ревитализација на салата и ги доставува до Општина Карпош. Ова претставува иницијален чекор кон намерата заеднички да ја вратат салата во сопственост на општината во што и успеваат. Следниот чекор е да се обезбедат финансии за реконструкција, што изгледа дека е затворено прашање доколку владата остане на ставот дека ревитализацијата на салата е буџетирана и е дел од планираните активности на Агенција за млади и спорт.

И додека иднината на „Партизан“ зависи од ажурноста на институциите и финансиската кондиција на државата, просторот останува нем сведок за неодговорното однесување на поединци и цели институции кон јавните спортски објекти. Нема оправдување зошто повеќе од 10 години спортската сала е оставена во немилост, а уште поголема грешка на системот е што никогаш не открил кој и зошто дозволил да се уништи толку значаен простор на спортската мапа.

Потврда за значењето на салата „Партизан“ за жителите на Карпош е односот на кандидатите за градоначалници на локалните избори 2021 година кон овој спортски храм, од кои голем дел во своите програми и во јавните настапи го ветуваа овој простор како точка на која спортот ќе продолжи да се развива.



***Моментална состојба на салата,*** *извор build.mk*

# КРАТОК ОСВРТ КОН ИДЕЈНИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА САЛА ПАРТИЗАН

## Ивона Крстеска

Денес, 50 години подоцна, културната сала е тотално напуштена. Во моментов, лоциран веднаш до атрактивниот простор на „Скопје сити мол“, кој привлекува илјадници купувачи секој ден, објектот е дури и невидлив поради фактот што цела деценија не е во функција, а сепак зафаќа значителна површина која би можела да стане фокусна точка на собирање и анимирање на локалното население. Со реновирањето на спортската сала „Партизан“ во модерен и мултифункционален центар за спорт и рекреација ќе се врати и одржи во функција објект кој има историска и културна вредност. Ако парцелата остане мета на бизнис интересот, таа ќе се искористи за изградба на станбено-деловна зграда или ќе остане темно место во урбаната населба, закана за околината од еколошки и безбедносен аспект.



***Архитект Трајко Димитров,*** *извор Општина Карпош*

Творецот на спортската сала - архитектот Трајко Димитров е добитник на повеќе официјални признанија за своите реализирани проекти како самостоен автор или како дел од авторски групи. Носител е на високи државни признанија за своето плодно долгогодишно работење и творештво. Историското и културното значење на

делото, како и важноста на Трајко Димитров во македонското архитектонско творештво треба да наметне ограничувања во пристапот кон реконструкцијата и ревитализацијата на спортската сала „Партизан“ како негов авторски објект, со кои ќе се зачуваат постоечките карактеристики на конструкцијата и ориигналниот израз на објектот, почитувајќи ги обликовниот израз на архитектот и неговиот стил. Истражувајќи го историјатот на „Партизан“ и преку директно интервју со архитектот Димитров, според првичната идеја за спортската сала се предвидувало објектот да има два ката, но поради добиените средства се реализирани само приземјето и еден кат.

Во салата се практикувале следниве спортски содржини: одбојка, гимнастика, кошарка, борење, бокс, атлетика, слетови, ритмичко-спортска/модерна гимнастика, пинг-понг, стрелаштво и други спортски активности. Во временскиот период кога работела салата нудела програма за сите возрасти, од деца во предучилишна возраст до активности за највозрасната категорија. Добар дел од рекреативните посетители на спортската сала станувaат успешни професионални спортисти со освоени голем број на медали, дипломи и плакети. Во екот на своето постоење, салата била своевиден храм на спортот од каде произлегле многу талентирани и наградувани спортисти.



***Екстериер на сала Партизан,*** *автор Кристијан Караџовски*

Мотивирано од идејата „Партизан“ повторно да стане функционален објект од јавен карактер, здружението „Културно ехо“ ја започна Иницијативата за обнова на салата во соработка со Општина Карпош и Здружението на спортските ветерани. За таа цел се изработени две идејни решенија за ревитализација, кои се фокусираат на задржување на автентичноста на објектот како и на неговата мултифункционалност, со вметнување на дополнителни карактеристики кои би му дале современ израз.

Постоечката состојба во која е затекната салата асоцира на неодговорноста на сите засегнати страни и нивниот однос кон постоечкиот изграден фонд на објекти, кои поради различни ситуации и причини остануваа единствено како монумент да сведочи за некогашните активности кога му користел на локалното население. Самиот факт што објектот го вбројуваме во листата на напуштени објекти го разоткрива проблемот со лошото менаџирање со државниот и општински имот (кој често и под сомнителни околности преминува во приватна сопственост), што резултира со запуштени јавни простори, како и недоволната партиципација на граѓаните за актуелизирање на овие простори.

Влезот во салата е слободен бидејќи недостасува дел од оградата во дворот. Ходникот на влезот е затрупан со тули, цигли, бетонски парчиња кои се остатоци од внатрешноста на објектот. Вратата која води кон големата сала, каде некогаш се тренирало гимнастика или кошарка и ракомет, е изгорена.




***Моментална состојба-ентериер,*** *автор Кристијан Караџовски*

Во салата се останати само обрачите од кошевите. Откорнати се дрвените даски од ѕидовите, па дури и паркетот, прозорците се искршени, од таванот висат парчиња, делови од дрвенаријата се изгорени. Иста е глетката и во малата сала, само искршени огледала, цигли и парчиња бетон кој паѓа од ѕидовите и таванот. Одејќи низ ходникот кон некогашните соблекувални и тоалети сега не е останато ништо од функционалниот мебел. Истото се случува и на горниот кат.

Иако напуштен, објектот, сепак, е во добра конструктивна состојба што во голема мера ќе ја олесни неговата реконструкција. Конструктивниот систем е со минимални оштетувања кои може лесно да се санираат. Она што е потребно да се реконструира е ентериерот на објектот кој е значително оштетен, како и екстериерот, односно надворешната фасадна столарија, или поконкретно прозорските отвори. И покрај наведената состојба во која се наоѓа салата, се гледа потенцијалот кој го нуди објектот – кој со соодветен третман и реконструкција би станал нов храм на спортот -, како и неговата околина, која со своето партерно уредување би станала атракција за локалното население и место за минување време во природа.



***Идејно решение на Томас Ромеро и Матеус Сартори, Културно Ехо***

Примарната цел која служи како водилка при проектирањето е, всушност, е иста и за двете решенија: зачувување на автентичното обликување на салата. Секундарната цел е додавање на нови содржини во согласност со новата спортска стандардизација, функционалност и економска одржливост, како на пр.: конференциска сала, сала за кинопроекција, работни простории за спортските работници.

Решението на Томас Ромеро Талеј и Матеус Сартори предлага минимална промена која се случува на источната и западната фасада од салата. Се додаваат прозорци како одговор на рационалниот дизајн, односно се овозможува еден поорганскі спој со надворешноста на објектот. Фокусирајќи се на екстериерот, главна цел на парцелата е да сведочи за некогашните зелени квадрати од урбаната мрежа на Скопје, односно да пркоси на урбаната мафија и лошото урбанистичко планирање.

На источната страна поради масивноста на „Скопје сити мол“ се додава зелен ѕид кој ќе го заштити просторот акустички, но пред сè визуелно, минимизирајќи го доминантниот објект („Сити мол“) и истакнувајќи го изолираниот („Партизан“). Овде се додаваат и детските содржини. На западната страна се формира една современа интерпретација на локалниот пазар или маркет, односно повторно се користи К67 киоскот, како контраст на „Скопје сити мол“, поставувајќи го индивидуално, на еден органски начин, со цел да се врати изгубеното чувство карактеристично за Општина Карпош и Скопје.

Решението на Ивона Крстеска, Марија Гелмановска, Ана Грковска и Александар Кочовски се обидува во целост да го задржи експресивниот изглед на објектот, како и неговата внатрешна организација и просторен концепт. Нивниот концепт игра со вметнување на различни програми во рамките на веќе постоечките дефинирани простори со минимални корекции поради новите потреби. Целта е максимално искористување на надворешниот, но и внатрешниот дел од салата. Намерата е да се задржи автентичноста на објектот, димензиите и пропорциите, намената за спорт, но и да се вметнат новите програми како што се: конференциска сала, дел за кинопроекција, работни простории за дел од спортските работници, со цел овој објект да биде економски одржлив и мутлифункционален како дел од стратегијата за обнова на салата.

Изминатава деценија, во главниот град се направија многу споменици. „Партизан“ може да биде највредниот споменик за нашето Скопје. Споменик кој

поврзува различни генерации и спортови. Тука повторно ќе се слуша звукот на топка, смеа и детски џагор... Ова место повторно ќе пулсира во духот на спортот, маалскиот соживот и дружба. „Партизан“ ќе биде нова урбана приказна, која ќе нè врати во минатото, но и ќе претставува лекција за сите нас – одговорно и правилно да се однесуваме кон овие објекти.





***Идејно решение на тимот на Ивона, Ана, Марија и Александар , Културно Ехо***

**Поранешен Дом на култура и месна заедница**
*населба Тафталиџе 1, општина Карпош (1971)*

## Граѓаните во битка со бизнис-политички моќници:

# ДАЛИ ДОМОТ ЌЕ ОСТАНЕ ЈАВЕН ПРОСТОР ИЛИ ЌЕ ГО ПРОГОЛТААТ ЅИДОВИТЕ НА ГОЛЕМИТЕ ЗГРАДИ

Домот на културата во скопската населба Тафталиџе, популарно од граѓаните наречен „Домче“, во првите години по неговата изградба послужил за сместување на семејства чии домови биле разурнати од земјотресот во 1963 година. Потоа, во неговите простории се сместило Културно-уметничкото друштво „Цветан Димов“, во еден дел имало библиотека со голем фонд на книги, а имало и простории за спорт и рекреација. Жителите од околината го користеле објектот за секојдневни активности, играле пинг-понг, посетувале часови по ора и танци, а тука дури им била сместена и месната заедница. Едноставно, домот им бил заедничко јавно добро, а младите имале каде да се образуваат - културно, музички, спортски... Во 80-тите години на минатиот век, никој од нив не ни помислувал дека еден ден граѓаните ќе останат без овој нивен заеднички простор каде другарувале и се социјализирале.

На почетокот на самостојноста на државата, во 1991 година, под мистериозни околности политичката партија Социјалистичка партија на Македонија (СПМ) станува сопственик на зградата. Имено, во текот на 70-тите и 80-тите години како своевиден сопственик на зградата фигурирало

Собранието на општина Карпош, кое било составено од повеќе структури, но поголем дел од нив имале граѓански карактер, па така жителите имале право да учвствуваат во креирање на содржините во домот. Една од структурите во тоа собрание бил и Социјалистичкиот сојуз на работниот народ. СПМ се повикала на тоа дека таа е правен наследник токму на таквиот сојуз и дека правото на сопственост на домот им припаѓа ним. Таа мисија им успева со умешно користење на процесот на транзиција на почетокот на 90-тите години од минатиот век. Неколку години подоцна, општина Карпош, свесна дека можеби се изиграни законските процедури при стекнувањето сопственост врз домот од страна на СПМ, покренува судски процес. Но, сите судови, почнувајќи од првостепениот, па сè до Врховниот, пресудиле во полза на политичката партија со што таа останала сопственик на имотот.

Потоа, политичката партија ги искористила релациите со градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, кој преку советот издал градежна маркица според која на локацијата на Домот се дозволило да се изгради една станбена зграда на шест ката и веднаш до зградата хотел на пет ката. Со ваквата дозвола практично објектот на домот не треба да постои,



***Екстериер-моментална состојба**, автор Васе Аманито*

а целиот простор околу него со тревници и дрвја да се претвори во две големи згради. Градежната дозвола предизвикала револт кај граѓаните кои застанале во одбрана на Домот и се спротивставиле на одлуката на општината. Изреволтирани од тоа дека некој сака да им го загрози јавниот простор и Домот сака да го претвори во место за остварување личен профит, граѓаните го оспориле Деталниот урбанистички план за овој дел од населбата пред Уставен суд. Судот пресудил дека има формални пропусти при носењето на деталниот план со што практично градежната маркица не можела да се реализира.

Дополнително, во 2015 година, кога политичката партија СДСМ на прес-конференции објавуваше дел од прислушуваните аудиоматеријали, јавно беше објавен и телефонски разговор помеѓу тогашниот министер за транспорт и врски, Миле Јанакиевски и Горан Иванов, директор на телевизија Сител, инаку син на лидерот на СПМ, Љубисав Иванов, познат како Ѕинго. На таа снимка Иванов бара услуга од министерот да влијае во општина Карпош да им се дозволи градба во висина од 13,5 метри, а Јанакиевски му потврдува дека ќе му помогне со лобирање. После таа снимка тогашното Специјално јавно обвинителство, формирано со намена да ги истражува прислушуваните




***Предлог ДУП за парцелата на објектот,*** *извор од фб страна тафталиџе 1*

материјали, ја извести јавноста дека отвора предистражна постапка за Домчето во Тафталиџе за да ги провери наводите кои се слушаат на аудио снимките.

Поттикнат од тоа, во 2018 година, градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев, од редовите на СДСМ, објави дека е донесена привремена забрана за изградба на зградите на СПМ. Со тоа практично е добиена една битка, бидејќи СПМ не може да започне со изградба и Деталниот урбанистички план е невалиден. Сето ова дава надеж кај граѓаните дека на местото на Домот нема да никнат станбена зграда и хотел. Но, граѓаните и натаму не знаат како да реагираат во врска со сопственоста на имотот, кој со судска пресуда е потврдено дека припаѓа на политичката партија СПМ, што значи дека и во иднина, во некое друго време, таа може одново да влијае за промена на урбанистичкиот план и да добие градежна маркица за да ја оствари својата агенда.

Последниве две години, жителите од околината, пред сѐ повозрасните, оние кои паметат и знаат какво значење има објектот за локалната заедница и за јавниот живот во оваа населба, бараат начин како одново да ја оспорат сопственоста на СПМ затоа што не можат да се помират со фактот дека партијата едноставно самата си се прогласила за наследник на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и на лесен начин си го приграбила имотот.



***Поставеност на објектот во однос на соседни објекти,*** *автор Кристијан Караџовски*

Граѓаните се во потрага по правно решение кое ќе биде во нивна полза и со кое тие се надеваат дека Домот ќе биде реновиран и повторно ќе ја добие истата намена како во минатото - заеднички простор каде одново ќе пробуваат музички бендови, ќе тренираат аматерски спортски клубови, ќе има литературтрна и играорна секција и каде одново ќе биде отворена библиотеката. Се надеваат дека и дворот на домот повторно ќе биде уреден со зеленило, клупи, осветлување и канти за отпадоци за да можат жителите тука да ги поминуваат слободните часови за рекреација. Тие и денес се присетуваат како ги слушале песните на легендарната група Леб и сол, која првите проби ги имала токму во Домчето во Тафталиџе, а нивните стапки ги следеле и многу други музичари кои опстоиле во тие времиња само затоа што имале каде да вежбаат.

И додека се плетат бизнис-политички игри околу објектот, домот е оставен да го уништуваат и временските неприлики и постојаните посетители кои веќе имаат украдено сè што можело да се однесе, па домот сега е напуштен, руиниран и оставен да пропаѓа. Пред зградата стои табла со податоци за инвеститорот кој треба да ги гради новите згради, извесен Џоџа Бојаџиевски кој сакал да гради врз основа на одобрение од 2013 година. Како изведувач е наведена фирмата Дугојон инженеринг, која се доведува во сопственост на Иванови, затоа што телевизија Сител со која управуваат се појавува како сопственик на градежната фирма изведувач. Но, за среќа, засега само таблата е знак дека тука треба да има згради, сето друго е само доказ за пропаѓање на јавниот објект.

Со победата на Стевче Јакимовски за градоначалник на општина Карпош на локалните избори во 2021 година одново се стравува дека СПМ ќе успее да издејствува градежна маркица преку нов Детален урбанистички план. Имено, Јакимовски победи со поддршка на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, која е коалиционен партнер на СПМ. Ова ја прави иднината на Домот неизвесна. Ако жителите на Тафталиџе не успеат да најдат решение легитимно да ја оспорат сопственоста на локацијата и ако СПМ остане сопственик на имотот, а од друга страна општина Карпош одново издаде дозвола за градба со нов урбанистички план, тогаш станбената зграда и хотелот стануваат реалност, што ќе значи рушење на оригиналното архитектонско здание и крај на надежите на жителите дека Домот може да биде спасен.

# КРАТОК ОСВРТ КОН МИНАТОТО, СЕГАШНОСТА НО И МОЖНАТА ИДНИНА НА ОБЈЕКТОТ

**Симона Димковска**

Со цел да го истакнат значењето на изграденото наследство од Социјалистичката архитектура во Скопје, Здружението на млади архитекти „Ситископ“ - Скопје го реализираат своето научно истражување преку проектот „И јас сум тука“; низ примерот на не многу познат,  но вреден објект проектиран од македонскиот архитект Кирил Муратовски во 1971 година. Станува збор за објектот попознат како „Месна заедница” во населбата Тафталиџе во Скопје, кој бил изграден првично за потребите на луѓето сместени во оваа населба после земјотресот, а подоцна ја опслужувал и потребата на заедницата и сите жители на населбата.

Архитектот Кирил Муратовски дипломирал на Архитектонскиот отсек при Техничкиот факултет во Скопје во 1957 година. Освен станбени објекти, проектирал и реализирал и општествени, административни и деловни згради, од кои позначајни се:Конзулатот на Р. Франција во Скопје, 1966 г..; комплексот на Музеи на Македонија во Скопје со М. Томиќ; деловната зграда на ЗОИЛ „Македонија“ во Скопје, 1977 г. со М. Сидоски. Муратовски го проектира овој објект во стилот познат како „брутализам“ со чиста архитектонска експресија, составен од повеќе композитни модуларни елементи од натур-бетон, каде деталите на фасадата ја откриваат грубоста на материјалот.

„Ситископ“ појаснуваат дека конструктивните елементи на објектот формираат функционален простор со човекомерни пропорции, кои драматично го зголемуваат ефекотот на минимализам. Следејќи го принципот

на „функцијата ја следи формата“, секоја единица е дискретно дефинирана, почнувајќи од прифатлив влезен дел и флуидна поделба на одделни простории со различни програмски содржини. Големите светлосни отвори со својата мистичност ги повикуваат минувачите во внатрешноста на објектот, која, пак, исполнета со разни случувања, вдахнува живот во зградата од бетон и стакло. Објектот претставува колективно добро и во тоа време прераснува во центар за размена на идеи. Простор во кој обичниот граѓанин ги изразува своите идеи, превзема иницијатива, а во исто време го запознава својот сосед, комуницира, се социјализира и културолошки се воздигнува, совршен пример на процес на интегрирање на луѓето и просторот.

Моделот на колективен град или град на еднаквости е успешно постигнат во објектот „Месна заедница“. Но, како последица на неизбежната транзиција од едно политичко уредување во друго, преминот на објекти и земјиште од државна во приватна сопственост за сите некогашни југословенски држави претставува фатален момент за многубројни објекти изградени во периодот на социјализмот. Со законот за децентрализација, кој во Република Македонија стапува на сила во 2002 година, делот кој се однесува на задолжително постоење на локални заедници – месни заедници е укинат. Како последица на новонастанатата ситуација, потребата од месна заедница е намалена, а со тоа и објектите и земјиштето кои се во нејзина служба преминуваат во приватна сопственост.

Сепак, овој напуштен објект не избледува од меморијата на локалните граѓани, но, за жал, ѝ е сè помалку е познат на поширо-



***Техничките цртежи, основи, пресеци на оригиналниот објект,*** *извор Сафет Ахмети*

ката јавност. За просторот во кој работничката класа и сите останати граѓани беа дел од дискусијата и одлуките за заедницата, меморијата ќе живее сè додека луѓето се сеќаваат. Уникатноста на овој објект полека исчезнува во современиот живот и како да сака силно да викне „И јас сум тука!“, сè уште постојам. Истражувањето на „Ситископ“ резултира со инспиративен постер за објектот „Месна заедница“ во Тафталиџе, чија намера е индиректно (претопен во фасадата на објектот) да ја истакне приказната, суштината и значењето на објектот, како и да ја поттикне меморијата на оние кои се сеќаваат.




*Постерот „И јас сум тука“, автори Сити скоп* ***Скопје***

Од истражувањата на здружението „Културно ехо“ - Скопје, заклучуваме дека објектот на стариот Дом на култура, познат како Домчето или Месна заедница Тафталиџе 1 е запуштен повеќе години и истиот претставува сериозен проблем за локалната заедница. Домчето е дел од архитектонскиот идентитет на Град Скопје, а сепак е напуштена и обезвреднета. Иако некогаш претставувала современ мултифункционален јавен простор, за жал, денес е синоним на негрижа и корупција.

Сведоци сме на сериозен проблем: целосно незаштитен, неограден и нефункционален објект што преставуваа потенцијална опасност за јавната безбедност и животната средина. Особено загрижувачки е фактот што опасниот напуштен објект се наоѓа на улица „Букурешка“, во непосредна близина на основно училиште „Јан Амос Коменски“, односно во радиус помал од 150 метри. На овој начин децата кои го посетуваат училиштето секојдневно се приморани да поминуваат покрај објектот, кој претставува сериозна закана за нив.

Иако објектот е познат како месна заедница, всушност за таа намена се користела сосема мала просторија во подрумот на објектот. Претежно локалните жители ги користеле салата и библиотеката како главни простори, но тука се рекреирале и пензионерите

со пинг-понг и шах, а функционирал и актив на жени. Само таблата на КУД „Цветан Димов“ потсетува на времето кога тука се одржувале културните манифестации а објектот бил центар на културниот живот.

Месната заедница – Тафталиџе според стилот и времето на изградба припаѓа на модерната архитектура во Македонија, односно овој објект е дел од семејството на бетонско Скопје, во кое спаѓаат и попознатите: Главната пошта - Телекомуникациски центар ПТТ (1972-1982), Архив на Град Скопје (1966-1968) и Студентскиот дом Гоце Делчев (1969-1977), од кои последните два објекта се наоѓаат во радиус помал од 1 км од објектот. Сепак овој објект не е заштитен од ниту една институција.



***Локација на објектот,*** *од извор Гугл Мапс*

Години наназад се повторуваат повеќе иницијативи и обиди за да се стави просторот во функција, од страна на граѓнскиот и академскиот активизам но, за жал, без успех. Во 2012 година, самоорганизирана неформална група која работи на создавање на нови културни модели за грижа и заштита на јавни простори кои се во распаѓање, „Урбана работна акција“ или УРА!!! организира неколку настани - работни акции во дворот на објектот со креативни работилници за деца, готвење храна, еко-предавања, медитација, танго, паркур итн., кои наоѓаат одзив и поддршка кај локалното население, но не и од СПМ. Во 2016 година, забележани се неколку простести, но и протесни писма од архитекти за спорниот ДУП за Тафталиџе, против одобрение за градба на место на овој објект.

Ваквиот феномен на репететивни граѓански акции од различен карактер во насока на заштита и реупотреба на објектот е индикатор за можно формирање на граѓански сојуз помеѓу повеќе невладини организации и неформални движења; кои може да делуваат заеднчки и да започнат постапката за прогласување на објектот за културно наслетство. Можностите за реупотреба на објектот се различни, а тоа зависи од програмата која ќе се одбере за соодветна и потребна на локалното население, но и во поширок контекст на општината Карпош, па и Градот Скопје.



*__Екстериер-моментална состојба,__ автор Васе Аманито*

Во 2018 година во склоп на изложбата „Загрозени видови“, според истоимениот научен труд на авторите Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков, беше претставена макета на објектот како дел од значајни градби од поновата архитектонска историја на Скопје, кои претставуваат архитектонско наследство и на различен начин и во различен обем соучествуваат (а дел од нив се и клучни) во обликувањето на современиот архитектонски идентитет на градот.

Преку изборот на карактеристични архитектонски „примероци“, нивното истражување има за цел да укаже на вредностите на овие градби и на нивната состојба, на степенот на загрозеност и главните причини кои водат до него. Авторите се обраќаат подеднакво кон стручната, но и кон пошироката јавност, со цел да ја нагласат потребата од покревање на прашањето за опстанокот на вредните градби од периодот на Модерната, како и прашањето за нивниот натамошен третман.



*__макетата од Месната заедница од изложбата „загрозени видови“,__ извор фб страна Тафталиџе 1*

Архитектонскиот факултет има клучна улога во поттикнување на валоризација на овој објект, како и идејата за ревитализација, пренамена и адаптација на истиот, но и на други нефункционални објекти. Посетувајќи повеќе изложби организирани до Архитектонскиот факултет, се запознавме со неколку идејни решенија од млади архитекти за ревитализација на овој објект, од кои го издвојуваме проектот на тимот Јосиф Николовски, Александра Костадиновска и Мирослав Пејовски за ревитализација во Дневен центар за деца со попреченост.

Проектот предлага максимално зачувување, но и искористување на капацитетот што го нуди објектот и негово адаптирање кон програмските содржини за дневен центар за деца со попреченост. Идејното решение ги предлага следниве простори: кујна со бифе, голема занимална во просторот каде што порано била салата, канцеларија за стручни лица, соба за изолација, медијатека и простори за едукација и тоалети.

Главниот влез е пристапен со голема рампа која продолжува на кровната тераса на објектот, која, пак, е трансформирана во хибридно игралиште, друштвена зона, а содржи и мал терен за кошарка како нови фиксни елементи. Останатата интервенцијата се состои во волуменот на објектот со додавање на 3 трансформабилни елементи во просториите на медијатеката, канцеларијата за стручни лица, пристап со лифт, како и ново перфорирано волуменско поврзување на занималната со надворешниот простор на објектот.



***Дијаграм на новопроектирани елементи,*** *автори Јосиф Николовски, Александра Костадиновска и Мирослав Пејовски*







***3Д визуелизации, автори Ј.** Николовски, **А.** Костадиновска, **и М.** Пејовски*

**Дом на култура „11-ти Октомври“**
*населба Ченто, општина Гази Баба (1970-1972)*

## Зградата тоне во бесконечност:

# ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ДОМОТ Е ГОЛЕМ КОЛКУ И НЕОДГОВОРНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Одлуката за градење на Домот на културата во скопската населба Ченто, општина Гази Баба била донесена во 1969 година. Неколку месеци потоа весниците започнале да објавуваат написи дека ќе се инвестираат 2,2 милиони денари во изградбата на културниот центар. Во 1970 година започнале градежните активности кои траеле две години. Сумата надминала три милиони денари. Домот официјално бил отворен на 8 март 1972 година, но прокиснувањето на покривот и институционалната негрижа го оставиле да функционира нецели две децении. Во април 1991 година, со решение на здравствена и санитарна инспекција, домот е затворен.

Во зградата, покрај програмата на самиот дом, функционирала и библиотека со 10 илјади книги, како и месната заедница на о. Гази Баба. Програмата застапувала концерти, театарски престави, кинопроекции, а посетеноста на публиката никогаш не заостанувала и полнела 400 седишта во главната сала. Домот на културата бил важен за локалната заедница, градинките и училиштата посетувале дел од програмата, но тука ги одржувале и своите натпревари и приредби. Постоеле литературна,

драмска, музичка и ликовна секција. Сето ова Домот на културата во Ченто го правел силен столб за развој на културата.

Само неколку години по отворањето, покривот на домот почнал да прокиснува и во 1985 година е направен првиот обид за санација, но никој од надлежните не покажал интерес. Во следните неколку години наместо да се реконструира покривот и домот да продолжи со работа, водата која протекувала во внатрешноста започнала да го уништува инвентарот и ѕидовите. Условите станале неподносливи, а управата била приморана да стави клуч на вратата.

Денес Домот на културата во Ченто е запуштен и целосно руиниран. Негрижата си го направила своето. Наместо да остане простор во кој ќе се образуваат и едуцираат сите генерации, домот го снемало од културната карта на Скопје.



СЕМАФОР

КУЛТУРЕН ДОМ ВО СИНЃЕЛИЌ

Работниците од Градежното претпријатие „Новоградња“ од Врање ги изведуваат завршните работи на зградата на новиот и мошне убав Културен дом во населбата Синѓелиќ во непосредна близина на продавницата за мебел „Мебло“.

Новата зграда располага со голема сала, која ќе служи за прожектирање на филмови и за изведување на театарски претстави. Домот располага и со уште три помали сали, кои ќе служат за слободни активности на младината и пионерите од населбата. Во оваа зграда ќе биде сместена и библиотека со читална.

Снимил: Ж. Илиевски

*Архива од весници на Домови на култура Кочо Рацин*

Иако во првите години од своето постоење, домот беше сместен во зелена средина, денес е опкружен со станбени згради, па претставува место на кое младите се собираат, но за друга цел. Во некои делови на зградата, простории користат и Комуналното претпријатие на општина Гази Баба, Црвениот крст на општината, библиотеката „Браќа Миладинови“ и едно здружение на пензионери.

Во 2019 година, организацијата „Културно ехо“ во соработка со општина Гази Баба спроведе еколошка акција за отстранување на сметот од внатрешноста на зградата и од дворот. За алармот кон институциите да биде погласен придонесе и фестивалот „Акто“ од Битола, кој вклучуваше и цртање на мурал на тема „солирадност“ на еден од фасадните ѕидови на домот. Со ова театарот, но и целата населба Ченто добија нова вредност, мурал чија порака е солидарноста.

Но, и по 20 години од затворањето, сè уште никој сериозно не се позанимавал со обнова на Домот и никој не го препознал значењето на секојдневната културна програма. Функционална иднина на Домот на културата во Ченто е можна само со финансиска интервенција, односно со целосна реконструкција на објектот и опремување на просторот со нов инвентар. Просториите кои постојат од надворешните страни на зградата може да се издаваат под кирија и со тоа да му остваруваат приход на Домот во иднина. Нема да биде исправно ако овој објект добие друга намена или ако се продаде. Оваа точка е особено важна како културен центар, затоа што обединува повеќе населби (Маџари, Ченто, Сингелиќ, Хиподром) и неколку села (Инџиково, Стајковци, Раштак и др.). Општината има 80 илјади жители, што е уште една причина зошто Домот на културата треба да биде она што некогаш бил, ама со покрив што не прокиснува.




***Еко Акција на Културно Ехо,*** *автор Кристијан Караџовски*

# КРАТОК ОСВРТ КОН МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА „ДОМЧЕТО“

**Моника Димовска**

Домот за култура „11 Октомври“ бил единствената културна установа на територијата на населба Ченто. Со неговото затворање, населбата изгубила простор кој бил исклучително вреден и незаменлив за околното население. Со неговата комбинирана програма, играл голема улога во секојдневниот живот на жителите на Ченто. Претставувал објект со голема важност од аспектот на културата, нудејќи неделни кинопроекции и театарски претстави, како и простор за откривање и надградување на талентите преку акциите во аматерските клубови: Домот бил седиште на литературната, драмската и музичката секција. Преку овие активности се задоволувале потребите на присутната публика (населението на Ченто, но и пошироко), активно учествувајќи во неформалното образование на населението. Тоа не бил дом само на младите или старите- напротив, тоа бил дом и на едните и на другите, заедно и без никакви бариери и граници. Кога ќе се земе во предвид и неговата атрактивна локација, несомнено бил „социјално јадро“ на населбата.

Од негово затворање во 1991 година, низ годините што следувале биле забележани бројни акции и иницијативи кои се труделе на секој начин да го вратат објектот „во живот“. Во 1998 година бил формиран Иницијативен одбор на жители на населбите Ченто и Маџари и на селата Инџиково и Стајковци. Тие спровеле акција под името „Култура, а не дрога“ со која собрале 5000 потписи од населението.Во јануари 1999 год. од страна на „Македонија - проект“ бил изготвен елаборат за санација и ревитализација на Домот. Конечниот исход

од целата акција резултирал со инвестиција од 1,5 милиони денари од Министерството за култура, пари кои, за жал, биле доволни само за реконструкција на покривот.

Следеле и други иницијативи низ годините, но, за жал, исто така без успех. Последниве години објектот повторно станува „видлив“ низ нови уметничко-еколошки иницијативи. Во 2019 година, здружението на граѓани „Културно ехо“ од Скопје организира еднодневен настан „Караван на културата – Фестивал за обнова на Домот на култура Ченто“, на 19 мај во паркчето пред Домот. Програмата на настанот беше: еко-акција за расчистување на внатрешноста на руинираниот објект и симболично метење на театарската сцена, панел-дискусија во паркот на тема: „Како од напуштен објект до мултифункционален и самоодржлив културно-едукативен простор, надвор од центарот на градот?“, и настап на бендот Man In a Suit од Куманово.

Како говорник на панел-дискусијата учествуваше и уметникот Филип Јовановски, кој минатата година преку фестивалот „Акто“ реализираше проект на тема „солидарност“ за цртање на мурали низ повеќе градови и општини во државата. Инспириран од објектот ја продолжи соработката со „Културно ехо“ и така на закосениот фасаден ѕид се роди мурал кој го изработи младиот локален уметник Владимир Милиќ, на тема солидарност во за време на поплавата во Стајковци.




***Мурал на младиот уметник Владимир Милиќ,*** *автор на фотографија Кристијан К.*

Од сите овие акции и иницијативи преземени низ годините може да се заклучи дека Домот не е заборавен, сè уште има луѓе кои се сеќаваат кога тој бил во функција и значаен дел од нив сè уште посакуваат и се оптимистични за можноста тој повторно да биде ставен во функција.

Еден од тие оптимисти е младата архитектка Моника Димовска, која за својот магистерски труд ја одбра токму темата активен пристап кон градителско наследство, со наслов „Ревитализација на Домот на Култура - 11 Октомври, во населба Чento". Во следните редови ќе се обидеме накратко да ја доловиме нејзината идеја, архитектонска анализа и визија за иднината на Домот.

Парцелата на која е позициониран Домот на културата има форма на неправилен многуаголник, кој со предната страна, односно лицето на парцелата излегува на улицата „Методија Андонов - Ченто". На источната страна на парцелата се наоѓа истоимениот парк. Овој парк претставува најголема уредена зелена површина во целата населба. Во седумдесетите, кога бил изграден Домот, неговата непосредна околина била парковско зеленило. Во текот на 90-тите години, оваа околина поминала низ процес на парцелизација на сметка на тогашното зеленило, поради што сега во околните парцели на „Домчето" се изградени станбени единици за повеќесемејно домување.

Гледано од надвор, но и од птичја перспектива, објектот може да го перцепираме како еден речиси симетричен волумен, но сепак во неговото подетално анализирање може да препознаеме дури четири помали волумени. Првиот волумен, ѝ припаѓа на сцената на свечената сала. Тука припаѓа и единствениот подрумски простор во овој објект, односно просторот за шминкерници и гардероби. Во вториот волумен е сместено гледалиштето. Третиот волумен се карактеризира со појава на атриум. Последниот волумен, е најмал и тој е единствениот кој ја нарушува симетричноста на објектот. Тој исто така се разликува и по својата висина, односно поседува само една катна висина.

Покрај волуменот на целосниот објект , може да анализираме и два дополнителни архитектонски елементи. Едниот од нив е надворешното скалишно јадро, кое обликовно е решено како скулптурален елемент, и отворениот трем, односно трем-патеката која освен што овозможува заштита од дожд и сонце, нуди и раздвиженост на навидум едноставната геометрија на објектот.



***Моментална состојба на објектот,*** *автор Кристијан Караџовски*

Во фасадната завршница на објектот преовладува минималистичкиот стил. На поголемиот дел се забележува само обработка со надворешен завршен малтер во бела боја. Но, сепак, со едноставни, но паметно избрани потези, објектот добива модерно и возбудливо фасадно обликување. Највчепатлива е југоисточната фасада, ѕидот зад бината, односно закосениот ѕид. Тој е завршен со поставување на бетонски блокови во рапава натур-бетон завршница. Естетиката на натур-бетон, применета како целосна фасадна обработка или само во делови за акцентирање на одредени архитектонски елементи, е важен обликовен аспект за севкупниот архитектонски израз.

Програмата на објектот била внимателно разработена и проектирана за во своите рамки да прими три различни институции кои непречено ќе функционираат. Првата институција бил Домот на култура, во тоа време предводена од Културен дом „Кочо Рацин“ и нудел широк спектар на активности кои се одвивале во свечената сала но и на горниот кат. Второто место ѝ припаѓало на библиотеката, како дел од градската библиотека „Браќа Миладиновци“ (располагала со книжевен фонд од околу 8000 книги и истата била интегративен дел од литературната секција). Третата била месната заедница, со простории на долното ниво. Целокупната програма на Домот за култура била силен двигател за културно издигнување на локалното, но и пошироката население.

Од трите институции кои ја сочинувале главна програма застапена во рамките на објектот,

само библиотеката продолжила да функционира до денешен ден. Во дел од просториите на приземјето, кои своевремено ѝ припаѓале на месната заедница, денес е сместено „Комуналното претпријатие на општина Гази Баба“ а една просторија е опремена за потребите за „Здружението на пензионери - Гази Баба“ во населбата Ченто.

При анализа на конструкцијата на објектот може да се забележи дека примарната структура го има задржано својот интегритет и стабилност. Низ целиот објект се задржани примарните архитектонски склопови без да претрпат големи промени. Но, при понатамошна анализа на објектот може да се забележат драстични оштетувања кои го прават овој објект опасен за околината. Како дополнителни оштетувања на ѕидните површини низ целиот објект можат да се забележат графити, како на фасадните така и на внатрешните ѕидови, додека инсталациите за вода и струја се комплетно отстранети од објектот.

Атмосферските влијанија најголем белег оставиле на фасадата. Во почетокот на 2000-тите години, направена е нова кровна лимена покривка која генерички го покрива објектот, не водејќи сметка за архитектонските вредности.

Интересно е да се спомне сценската завеса, која му пркосела на времето и денес сè уште може да се забележи како од таванот виси мал дел од неа, како еден мал симбол за важноста на овој



***Моментална состоја на објектот,*** *автор Кристијан Караџовски*

простор. При согледување на неговата состојба во сегашноста, и покрај неговата комплетна руинираност и запоставеност, сè уште можат да се прочитаат неговите вредности, но и да се види потенцијалот за враќање на неговиот сјај; впрочем, тоа е и главната цел на магистерскиот труд, да понуди проект за негова ревитализација со кој на локалното население повторно ќе му се понуди културна програма.

Преку својата анализа, Димовска заклучува дека во близина на Домот се наоѓаат други објекти кои имаат општествено значење - основното училиште „Дане Крапчев“, градинката „25 Мај“ „СОС Детското Село“, неолитското наоѓалиште „Тумба - Маџари“, како и неколку „слободни“ неизградени локации кои имаат потенцијал да примат нова програма намената за поширокото население. Започнувајќи од неолитското наоѓалиште „Тумба - Маџари“ па сè до Домот за култура и парковското зеленило до него, таа ги поврзува сите атрактивни знаменитости во овој дел од населбата под една мултинаменска оска.

Во процесот на ревитализација, се задржува во неговата примарна состојба со исклучок на доградбата во која не е препознаено архитектонското значење. Гледано на оската на нижење на волумените, се проектира нов волумен на местото на несоодветната доградба кој го почитува



***Поврзување на Домот со знаменитости во околината,** автор Моника Димовска*

постоечкиот објект. Овој волумен се разликува по висината во однос на другите волумени, а под него е проектиран и дополнителен подрумски простор. Обезбеден е независен влез на северозападната фасада, а има и внатрешни вертикални комуникации - скалишно јадро и лифт, со што целиот објект станува достапен за лица со попреченост.

Со новото решение за предвидува комплетна санација на оштетените слоеви и изведба на комплетно нови подови со користење на мермерни и керамички плочки или дрвени подови – зависно од намената на просториите. Завршната фасадна обработка на оригиналните волумени се задржува во нејзината автентичност, но предвидена е комплетна санација на сите делови кои доживеале оштетувања и промени низ годините. Естетиката на натур-бетон ја следи и новопроектираниот волумен со што се добива кохезија на старото и новото.

При развивање на новата програма на Домот на култура „11 Октомври“, сите фактори се земени предвид - неговата првична намена, желбите изразени во анкетата, но и заклучоците од деталната анализа за потребите по возрасните групи. Се задржуваат трите институции кои биле активни во минатото – дом на култура, библиотека и месна заедница, но сите три се збогатени со нова програма, мултифункционална сцена, едукативен центар и нови секции. Како дополнителна намена се јавува хибрид-бар, како простор за социјализација и одмор. Проектирање на флексибилен простор за изнајмување е стратешки потег кој на овој дом може да му обезбеди финансии, што потоа би биле пренаменети за автономно одржување и креирање на програмата и активностите.



***3Д визуелизации,*** *автор Моника Димовска*

Остатокот од програмата, за која не беше обезбеден простор во рамките на самиот објект на домот, може да се смести како надворешна програма под раководство на истата институција. Имајќи ги предвид точните локации, како и нивната големина, може да се размислува за градење на три нови паркови (реконструкција на постоечкиот и комплетна изградба на два нови), кои ќе овозможат поврзување на сите актуелни културно-образовни (основното училиште „Дане Крапчев и неолитското наоѓалиште „Тумба - Маџари“), но и социјални точки (локации) во пошироката околина.

Со ново урбанистичко и архитектонско решение на пошироката околина на Домот, населбата Ченто би добила нови јавни површини кои би нуделе современи содржини и би го подобриле животниот стандард на локалното население. Ревитализацијата на објектот би морала да ги задржи и репроектира вредните елементи и простори, но и да додаде нов просторно-програмски концепт кој би ги користел конструктивните модули и принципи на веќе постоечкиот, и со тоа само би ја надополнувал целата архитектонска целина без притоа да ѝ наштети на оригиналноста на постоечкиот објект.









***3Д визуелизации,*** *автор Моника Димовска*




ЕХО НА SИДОВИТЕ